
GLOBE во Богданци
Секое дете е една мала булка која треба да се негува


СОУ„БОГДАНЦИ”-
БОГДАНЦИ


Нашето училиште брои 304 ученика запишани во :
-Општествена насока;
-Природно-математичка насока и
-Текстилна насока.
Ружица

# За СОУ„Богданци„

СОУ„Богданци” оваа година славеше јубилеен патронат бидејќи изминаа десет години од активирањето на оваа гимназија, а последниве две години работи како самостојна образовна институција.

За овие десет години како резултат на професионалното раководство од страна на нашата директорка Марика Лисичкова, континуирано и тимски наставниот кадар и учениците изведуваа еколошки активности: чистење на смет и шут, собирање пластични шишиња, пошумување, посадување и слично.






25/04/2005 03:31




Нашата гимназија е училиште во кое посебен акцент се става на вонnаставните активности, каде се откриваат таленти за музика, игри- денс, драма, спорт, ликовна уметност.










Со својата „ВИЗИЈА” и „МИСИЈА” се прави поволна училишна клима за многубројни квиз-натпревари, награди за најдобри ученици, екскурзии, учества на карневали, саеми, успешни образовни рандевуа. . .







**СОУ "Богданци"**

## Мисија

**Во нашето училиште ученикот е центар на сите наши заложби и ангажирања, со родителот ја споделуваме љубовта кон неговото дете**
**Училиштето е светилник кој ги води учениците по патот кон професионален развој и здрав живот**

**СОУ "Богданци"**

## Визија

**Создаваме училиште во кое се претпочита знаењето, креирањето, индивидуалната способност на поединецот, творештвото и толеранцијата. Отвараме пат да го приближиме светот до нас.**







Учества на Струмичкиот карневал:

-Одгледување на свилена буба во Богданци-трета награда;

-Квалитетни Богдански домати.

# Обука на GLOBE-членовите

Во СОУ„Богданци ” 25 ученика се GLOBE - членовите од прва, втора и трета година.

Бидејки нашата гимназија од оваа учебна година е вклучена во GLOBE, професорките прво не упатија и не едуцираа како треба да се вршат соодветните активности. Опремата ја чуваме во кабинетот по биологија, каде што и се состануваме.





# АКТИВНОСТИ

-Атмосферски мерења:

Откако ја поставивме метеоролошката куќичка во задниот двор на училиштето каде што беа измерени соодветните координати, учениците веднаш започнаа со мерењата. Секојдневно после шести час најодговорно си ја тераме работата. На крајот од седмицата ги внесуваме податоците.





## -Хидрологија:

Хидролошките мерења ги правиме на водата од ,,Чавдарева чешма ", од која еднаш седмично се зема примерок и тој примерок се носи во кабинетот по биологија каде ги вршиме испитувањата. Инаку оваа вода граѓаните ја користат за пиење и напојување на добитокот посебно во услови кога има дефекти во комуналниот систем за вода.





GLOBE- активностите, мерењата, другите активности: еколошки , културни, спорт, драми, квизови, карневали, учениците од СОУ,,Богданци,, умеат да ги обојат со боите на својот квалитет и умешности. Секоја едукација, практична или теориска , сплотена со културно осознавање и забава остава незаборавни траги во свеста на учениците.

